**Д-р Сашо М. Стојановски**[1]
**Проф. д-р Гордана Лажетиќ**[2]

# СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПОСЕБНИТЕ ИСТРАЖНИ МЕРКИ ВО СВЕТЛИНАТА НА ИЗМЕНИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1.01 Изворна научна статија**
**УДК 343.132:340.13(497.7)**
**343.985:340.13(497.7)**

**Апстракт**

Несомнено е дека воведувањето на посебните истражни мерки претставува своевиден одговор на законодавството во однос на модернизација на алатките за откривање и документирање на организираниот криминалитет. Имајќи предвид дека со овие мерки сериозно се навлегува во уставно загарантираните права на граѓаните, а со цел осврт врз домашното македонско законодавство во трудот е содржана кратка компаративна анализа на законските решенија во регионот. Притоа се поаѓа од првичното воведување на посебните истражни мерки во кривично процесното законодавство во регионот, за потоа во трудот да се презентираат сличностите и разликите во однос на видовите мерки, кривичните дела за коишто овие мерки може да се користат, нивното времетраење, надлежниот орган што ги определува, известување на засегнатото лице и чувањето и ништењето на податоците собрани со овие мерки. Во трудот е споделено и скромното искуство на истражен центар којшто спровел посебна истражна мерка во нашата држава.

**Клучни зборови:** посебни истражни мерки, организиран криминал, истражен центар, казнено-процесно законодавство

## Вовед

Организираниот криминал постои подолго време и со текот на цивилизацискиот развој и техничко-технолошките достигнувања добива интензитет, ги менува феноменолошките облици и *модус операнди*, што го прави потежок за откривање и многу посложен за докажување. Во зависност од степенот на организираноста, тој добива моќ и можност да го освојува и да го проширува просторот на дејствување од локално преку регионално, па сè до глобално ниво. Облиците на транснационалност на организираниот

[1] Главен инспектор истражител во Истражниот центар на Основното јавно обвинителство Скопје, smstojanovski@gmail.com.
[2] Редовен професор, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, gordana2206@gmail.com.

криминалитет бараат постојано унапредување и хармонизирање на легислативната рамка на регионално, европско и на глобално ниво, збогатување на можностите, дозволување софистицирани пристапи за откривање и докажување, а притоа не смее да се загуби од вид заштитата на приватноста на трети незасегнати лица при едновремено водење сметка и за правата и за гаранциите на одбраната. Справувањето со новите форми, облици и методи на дејствување на современиот организиран криминал бара соодветен и сеопфатен одговор од пошироката меѓународна заедница.[3]

Криминалот, како појава во која било негова форма, е иманентна за сите облици на општественото уредување поради способноста да се приспособи на условите. Во оваа смисла, неговите први појавни форми се тесно поврзани со социопатолошките појави, првично се појавува во најголем број случаи како дејствие на поединец на локално ниво, а подоцна се појавуваат и организираните облици на групи и банди, па сѐ до организирани криминални организации. Криминалот одамна ги надмина локалните и државните рамки и доби карактеристики на регионален, односно транснационален. Неговиот интернационален карактер се изразува со подвижност, приспособливост, пронаоѓање нови методи и форми на дејствување. Според своите појавни форми, начини, методи и средини во кои се појавува и дејствува, криминалот особено тешко се идентификува, се открива и се докажува. Дејствувајќи на ваков начин, организаторите најчесто остануваат непознати за органите на прогон, а се гонат лица во долните слоеви на организираната криминална хиерархија.

Примената на посебните истражни мерки (ПИМ) е еден од начините за справување со организираниот криминалитет, кои како процесни решенија постојат во сите компаративни казнено-процесни законодавства со тоа што постојат разлики во видовите мерки, надлежниот орган, времетраењето, известувањето за примена од страна на јавното обвинителство и сл.

Во трудот ќе се користи поимот ПИМ како генерички поим, иако од компаративната анализа произлегува дека во различни периоди се забележуваат различни називи – мерки наспроти дејствија, посебни наспроти специјални, истражни наспроти доказни и сл.

Несомнено, воведувањето на ПИМ претставува своевиден одговор на современиот криминал и е од исклучително значење и важност во борбата особено со организираниот криминал. Со нивното воведување, во дел се надминуваат или се намалуваат тешкотиите при откривањето и гонењето на овој вид криминал. Новите мерки претставуваат комбиниран систем и единство на мерки за потраги и истражните мерки, односно единство на вонпроцесните оперативно-тактички мерки и процесните истражни мерки и, како такви, се сметаат за соодветни за примена од кривичноправните органи во справувањето со криминалот. Со користењето на современите техники и технологии што им се на располагање на органите на кривичен прогон се зголемува нивната погодност за користење и ефикасност.

Откако се воведени ПИМ, се водат дискусии околу нивната примена наспроти гаранциите за ограничување прекумерно и неоправдано навлегување во приватноста и загрозување на основните човекови права и слободи. Двојноста на напорите за ефикасен кривичен прогон, од една страна, и заштитата на човековите права и слободи, од друга

[3] В. Камбовски: Организиран криминалитет, Скопје, 2005; М. Шкулиќ, Организовани криминалитет, „Службени гласник“, Београд, 2015.

страна, делумно е разрешена со процесот на нивното законодавно пропишување со детални и исцрпни одредби, со соодветни ограничувања и заштитни механизми од можни злоупотреби, но факт е дека остануваат актуелни напорите за правилно применување на одредбите. Постоењето на ПИМ со кои се навлегува во основните човекови права може да се толкува како помало зло од злото што се заканува од сѐ пораспространетиот транснационален криминалитет, но нивното постоење и примена во ниту еден случај не смее да се претвори во правило на прибавување докази, туку само како исклучок, во случаи кога со други доказни средства тоа е невозможно или прилично отежнато.

Неспорен е и меѓународниот придонес за постоењето на ПИМ во националните законодавства. Имено, правното регулирање, практичното спроведување и користење на добиените сознанија и заштитата од можни злоупотреби се содржани во заклучоците од Резолуцијата од одржаниот 16-ти конгрес на Меѓународното здружение за кривично право во Будимпешта во 1999 година.[4] Заклучоците ги апострофираат начелата на кои мора да почива законодавството што ќе се однесува на овие мерки, а, имено: начело на законитост – обврската за нивно пропишување во закон; начело на супсидијарност – кога доказите не може да се прибават со други доказни средства; начело на сразмерност и пропорционалност – дека не може да се применуваат за сите видови кривични дела; и начело на судски надзор и контрола – неопходна е претходно добиена судска согласност, односно судска одлука за примената на ПИМ. На европски и на меѓународен план, посебните истражни техники се дел од многубројни документи и инструменти. Голем дел од овие документи се посветени на заштитата на индивидуалните права и слободи и имале значајна улога во процесот на легислативно регулирање на ПИМ.[5]

Скромна задача на трудот е да направи споредбена анализа и да укаже на сличностите и разликите што постојат во законодавството во регионот – Србија, Црна Гора, но и Хрватска, како единствена држава членка на ЕУ, со законодавството во Република Северна Македонија.

Целта на анализата е да помогне во рамките на тековниот процес на измени на Законот за кривичната постапка во нашата држава во делот на одредбите што се однесуваат на ПИМ, кој е во фаза на финализирање пред да започне постапката за негово донесување во Собранието на РСМ, што согласно усвоениот План за раст од страна на ЕУ, мора да се случи најдоцна до декември 2025 година.

## 1. Посебните истражни мерки како дел од законодавството во регионот

Во регионална смисла, ПИМ за првпат биле легислативно пропишани во Законот за казнената постапка на Република Хрватска во 1997 година,[6] под називот „Привремено

[4] XVI International Congress of Penal Law, Budapest, 5 – 11, September, 1999, Section III, стр. 10
[5] Convention against Transnational Organized Crime, United Nations, 15.11.2000; Directive 2009/136/EC of the European Parliament and of the Council, 25 November 2009 amending Directive 2002/22/EC on universal service and users' rights relating to electronic communications networks and services, Directive 2002/58/EC concerning the processing of personal data and the protection of privacy in the electronic communications sector and Regulation (EC) No 2006/2004 on cooperation between national authorities responsible for the enforcement of consumer protection laws; Council of Europe Convention on the Prevention of Terrorism (CETS No. 196) and its Additional Protocol (CETS No. 217); Recommendation CM/Rec(2017)6 of the Committee of Ministers to member States on "special investigation techniques" in relation to serious crimes including acts of terrorism.
[6] Zakon o kaznenom postupku, Narodne Novine, br. 110/1997.

ограничување на уставните права и слободи поради прибавување податоци и докази за спроведување на кривичната постапка“. Од самиот назив сосема е очигледно дека кај законодавецот постоела свест дека мерките задираат во уставно загарантираните права. Познати биле вкупно 6 мерки: 1) следење и техничко снимање телефонски разговори, односно средства за техничко комуницирање на далечина; 2) надзор и техничко снимање простории; 3) тајно следење и техничко снимање лица и предмети; 4) употреба на прикриени истражители; 5) симулиран откуп на предмети и симулирано давање поткуп; 6) надгледуван превоз и доставување предмети од кривичното дело.

Наследувајќи го ЗКП од СФРЈ од 2001 година, во Србија постоеле „Посебни одредби за постапката за кривични дела од организиран криминал, корупција и други тешки кривични дела“ – чл. 504а–504ќ од ЗКП 2001 – кои биле прифатени со измените од 2002 година.[7] Притоа, пропишана била постапка што ги имала сите карактеристики на посебна кривична постапка (не само во однос на посебните доказни дејствија, туку и во однос на составот на судот, надлежноста и другите процесни прашања) и тие се применувале во сосема исклучителни случаи, кога постоела опасност од загрозување на човековите права.[8] Со измените на ЗКП во 2006 година, во законодавството на Србија била усвоена имплицитна поделба на доказните дејствија на општи и посебни доказни дејствија.[9] Со измените на ЗКП во Србија од 2011 година[10] се напуштила ригидноста на „Посебните доказни дејствија“ само во исклучителни случаи, а значително се прошириле и видовите мерки: 1) тајно следење (прислушување) на комуникациите; 2) тајно следење и снимање; 3) склучување симулирани зделки и симулирано давање и примање поткуп; 4) компјутерско пребарување податоци 5) контролирана испорака; и 6) ангажирање таен истражител.

Во нашата држава, ПИМ за првпат биле легислативно регулирани во 2004 година[11] со големата реформа на ЗКП од 1997 година,[12] со цел обезбедување податоци и докази што се неопходни за успешно водење на кривичната постапка што на друг начин не може да се соберат или нивното собирање би било поврзано со поголеми тешкотии, при што биле пропишани вкупно осум мерки: 1) следење комуникации и влез во дом и други простории или во превозни средства заради создавање услови за следење комуникации под услови и постапка утврдени со закон;[13] 2) увид и пребарување во компјутерски систем, одземање компјутерски систем или дел од него или базата за складирање компјутерски податоци; 3) тајно набљудување, следење и визуелно-тонско снимање лица и предмети со технички средства; 4) привиден (симулиран) откуп на предмети, како и привидно (симулирано) давање поткуп и привидно (симулирано) примање поткуп;

[7] Zakonik o krivičnom postupku, "Sl. list SRJ", br. 70/2001 i 68/2002; Подетално: V. Đurđić, Krivični postupak Srbije, Centar za publikacije, Niš, 2006, str. 199-207.

[8] M. Grubać, Nove ustanove i nova rešenja Zakona o krivičnom postupku Srbije od 26. Septembra 2011 godine, Pravni Zapisi, Pravni fakultet Univerziteta Union, God. II, br. 2 (2011), str. 467–514.

[9] М. Шкулић, Коментар Законика о кривичном поступку, „Службени гласник“, Београд, 2007, стр. 475-476.

[10] Zakonik o krivičnom postupku, „Službeni glasnik RS“, br. 72/11.

[11] ЗИД на ЗКП, „Сл. весник на РМ“ бр. 74/2004.

[12] Закон за кривичната постапка, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/97, 44/02, 74/04, 83/08, 67/09 и 51/11. Подетално: Н. Матовски, Новелата на Законот за кривичната постапка на Република Македонија од 2004 година, Скопје, 2005.

[13] Закон за следење на комуникациите, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 71/18 108/19 и 154/23.

5) контролирана испорака и превоз на лица и предмети; 6) користење лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации или податоци; 7) отворање привидна (симулирана) банкарска сметка на која може да се вложуваат средства што потекнуваат од сторено кривично дело; и 8) регистрирање привидни (симулирани) правни лица или користење постојни правни лица заради собирање податоци.[14]

Во рамките на анализираните држави, ПИМ под називот „Мерки за таен надзор“ најдоцна станале дел од ЗКП на Црна Гора во 2009 година.[15] Притоа, во зависност од целта поради која се определуваат, постојат две групи мерки: i. во случај кога постоеле основи за сомневање дека некое лице самото или заедно со други лица извршило, врши или се подготвува да изврши кривично дело, а на друг начин не може да се прибават докази или тоа би било проследено со несразмерен ризик или загрозување на животот на луѓето, можело да се определат четири мерки (чл. 157 ст. 1): 1) тајно следење и снимање телефонски разговори и други комуникации на далечина; 2) следење, собирање и снимање компјутерски податоци; 3) влегување во просториите за тајно фотографирање и видео и аудиоснимање во просториите; и 4) тајно следење и видео и аудиоснимање лица и предмети; и ii. ако околностите на случајот укажуваат дека со примена на мерките ќе се прибават докази со најмала повреда на правото на приватност, би можело да се применат следниве шест мерки: 1) симулирано купување предмети или лица и симулирано давање и примање поткуп; 2) давање симулирани деловни услуги или склучување симулирани правни трансакции; 3) основање фиктивно трговско друштво; 4) следење на транспортот и испораката на предмети на кривично дело; 5) снимање на разговорот со претходна информација и согласност на еден од учесниците во разговорот; и 6) ангажирање таен истражител и соработници (чл. 157 ст. 2).

## 2. Состојбата со ПИМ во постојното казнено-процесно законодавство на анализираните држави

### 2.1. Назив и видови мерки/дејствија

Во Република Хрватска, одредбите во однос на ПИМ со донесување на новиот ЗКП во 2008 година[16] добиваат назив „посебни доказни дејствија“ и постојат следниве видови: 1) следење и техничко снимање телефонски разговори и други далечински комуникации; 2) следење, собирање и снимање компјутерски податоци; 3) влез во просториите заради вршење надзор и техничко снимање на просториите; 4) тајно следење и техничко евидентирање лица и предмети; 5) употреба на тајни истражители и доверливи лица; 6) симулирана продажба и купување предмети и симулирано давање поткуп и симулирано примање поткуп; 7) давање симулирани деловни услуги или влегување во симулирани

---

[14] Подетално: Ј. Јовчевски: Специјалните истражни мерки во кривичното законодавство на Република Македонија, докторска дисертација одбранета на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 25.11.2009; Ј. Јовчевски, Г. Калајџиев: Специјалните истражни мерки во кривичното законодавство на Република Македонија, МРКПК, бр. 2/2009, стр. 313–332; Н. Матовски, Г. Лажетиќ-Бужаровска, Г. Калајџиев, Казнено процесно право, Второ изменето и дополнето издание, Академик, Скопје, 2011, стр. 265.

[15] Zakon o krivičnom postupku, "Službeni list Crne Gore", br. 057/09 od 18.08.2009.

[16] Zakon o kaznenom postupku, NN, br. 152/08, 76/09, 80/11, 121/11, 91/12, 143/12, 56/13, 145/13, 152/14, 70/17, 126/19, 126/19, 130/20, 80/22, 36/24.

правни трансакции; и 8) надгледуван превоз и доставување предмети од кривичното дело.[17]

Во 2011 година во Република Србија се донесува нов ЗКП[18] со кој се прифаќа ист термин како и во Република Хрватска – „посебни доказни дејствија“ во кои спаѓаат: тајно следење на комуникацијата; тајно следење и снимање; симулирани работи; компјутерско пребарување податоци; контролирана испорака; и прикриен истражител.

Во Црна Гора не е донесен нов ЗКП по 2009 година, иако законот е повеќепати менуван,[19] и останува непроменет терминот „мерки на таен надзор“ и видовите мерки.

Во 2010 година, во нашата држава беше усвоен нов ЗКП што започна со примена на 1.12.2013[20] и во рамките на ПИМ спаѓаат следниве мерки: 1) следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон; 2) следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање услови за следење комуникации; 3) тајно следење и снимање лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен; 4) таен увид и пребарување во компјутерски систем; 5) автоматско или, на друг начин, пребарување и споредување на личните податоци; 6) увид во остварени телефонски и други електронски комуникации; 7) симулиран откуп на предмети; 8) симулирано давање и примање поткуп; 9) контролирана испорака и превоз на лица и предмети и одложување приведување или одземање предмети; 10) користење лица со прикриен идентитет за снимање, следење и собирање информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи; 11) отворање симулирана банкарска сметка и 12) симулирано регистрирање правни лица или користење постојни правни лица за собирање податоци и создавање услови за инфилтрирање.[21]

Од наведеното произлегува дека мерките содржани во ЗКП на РСМ од точките 1, 3, 4, 7, 8, 9 и 10 може да се определат и во Хрватска, Србија и Црна Гора. Мерките наведени во т. 2 и 12 не се содржани во Србија, мерката од т. 5 не е содржана во Црна Гора, мерката од т. 6 не е содржана ниту во Србија ниту во Црна Гора, мерката под т. 11 не е содржана во Хрватска и во Србија. Разликата во бројот на мерките произлегува од групирањето повеќе активности во една мерка. Таков е случајот со мерката симулирани активности. Во Македонија, четирите симулирани активности се содржани во три мерки, во Хрватска шест активности се содржани во две мерки, во една мерка во Србија се содржани 5 активности, а во Црна Гора во две мерки се содржани 5 симулирани активности. Истовремено, може да се констатира дека постојат мерки/дејствија што се различно формулирани во соодветните ЗКП, а имаат исти цел и содржина.

[17] Подетално: D. Krapac, Kazneno procesno pravo – prva knjiga: Institucije, IV iznenjeno i dopunkeno izdanje, NN, Zagreb, 2010, str. 317-332; S. Glušćić, Posebne dokazne radnje, Policija i sigurnost, Vol. 21 broj 3, Zagreb, 2012, str. 555-573.

[18] Zakonik o krivičnom postupku, Sl. glasnik RS, br. 72/2011, 101/2011, 121/2012, 32/2013, 45/2013, 55/2014, 35/2019, 27/2021 - odluka US i 62/2021 - odluka US.

[19] Zakonik o krivičnom postupku, Sl.list CG, br. 57/2009, 49/2010, 47/2014 - odluka US, 2/2015 - odluka US, 35/2015, 58/2015 - dr. zakon, 28/2018 - odluka US i 116/2020 - odluka US.

[20] Закон за кривичната постапка, „Службен весник на РСМ“ бр. 150/2010.

[21] Подетално: Г. Лажетиќ и др., Казнено процесно право, Скопје, 2015, стр. 190–192; Коментар на ЗКП, група автори, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, 2018, стр. 565–598.

## 2.2. Основи за определување на ПИМ и доказна вредност

Од анализата на законодавствата може да се утврди дека во рамките на основите за определување на ПИМ во основата се пропишуваат четири клучни аспекти:

- степенот на веројатност дека е извршено кривично дело;
- да станува збор за категорија на кривично дело што е посебно пропишана;
- причините поради кои е оправдано определувањето на ПИМ; и
- определување на мерките/дејствијата спрема непознат сторител.

Во Република Хрватска, имајќи предвид дека извидите за кривични дела се спроведуваат во претկривичната постапка, јасно е дека посебните доказни дејствија може да се определат спрема осомничено лице за кое постојат основи за сомневање дека извршило кривично дело (чл. 202 ст. 2 т. 1). Во однос на оправданоста, пропишано е дека основи за нивно определување постојат во два случаи: i. кога извидите за кривичните дела не би можело да се спроведат на друг начин; или ii. кога извидите за кривични дела не би биле можни поради несразмерни тешкотии (чл. 332 ст. 1), при што посебно се нагласува дека со нив се ограничуваат определени уставно загарантирани права.

Во Република Србија, „посебните доказни дејствија“ може да се определат ако постојат основи за сомневање дека определено лице извршило кривично дело што спаѓа во групата дела за кои може да се определат посебните доказни дејствија, при што треба посебно да се цени дали ист резултат во однос на прибавени докази може да се постигне и на начин со кој во помала мера ќе се ограничат правата на граѓаните.[22] Посебните доказни дејствија може да се определат само ако: i. доказите не би можеле да се прибават на друг начин; или ii. ако прибавувањето на доказите би било значително отежнато. По исклучок, може да се определат посебни доказни дејствија и спрема лице за кое постојат основи за сомневање дека подготвува кривично дело чија тежина е посебно пропишана, доколку тоа кривично дело на друг начин не би можело да се открие, да се спречи или да се докаже, дека за сето ова би постоеле несразмерни тешкотии или голема опасност (чл. 161 ст. 1 до 3).

Во нашата држава, ПИМ се преземаат во предистражната постапка, значи кога постојат основи за сомневање за сторено кривично дело, кога делото спаѓа во групата кривични дела за кои може да се определи ПИМ и кога е „веројатно“ дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, кои на друг начин не можат да се соберат (чл. 252 ст. 1).

Во Црна Гора, тоа се „мерките на таен надзор“, при што тие може да се определат кога постојат основи за сомневање дека лицето, само или во соучесништво, извршило, врши или подготвува кривично дело за кое може да се изречат овие мерки. Притоа, пропишани се две причини кога може да се случи тоа: i. ако доказите на друг начин не може да се прибават; или ii. ако прибавувањето на доказите би барало несразмерен ризик или загрозување на животот на луѓето (чл. 157).[23]

---

[22] М. Шкулић, оп. цит., стр. 477.

[23] Подетално: D. Radulović, Krivično procesno pravo, Drugo izmenjeno i dopunjeno izdanjem Pravni fakultet Podgorica, Podgorica, 2009, str. 215.

Законските решенија во РСМ и во Србија во ниту еден случај не ја предвидуваат можноста за користење на добиената согласност од лицето, како што тоа е пропишано во ЗКП на Хрватска (член 332 став 1 точка 1, 2, 3, 4, 6, 7 и 8), слично како за мерката „снимање разговори со претходно информирање и добиена согласност од еден од учесниците во разговорот“, која е содржана во одредбите од ЗКП на Црна Гора (чл. 157 ст. 2 т. 5).

ЗКП на Македонија (член 259) и Хрватска (член 333, 338 и 339) определуваат дека податоците, снимките, известувањата, документите и предметите собрани со ПИМ под услови и начин предвидени со ЗКП може да се користат како доказ дека лицата со прикриен идентитет може да се испитаат како сведоци, односно како заштитени сведоци, но и дека ако при спроведувањето на мерките не е постапено во согласност со законските одредби врз добиените докази не може да се заснова судската одлука.

### 2.3. Проширен опфат на мерките/дејствијата

Анализата покажува дека мерките/дејствијата во различните законодавства може да се определат и во следниве случаи:

- кога не е познат идентитетот на извршителот на кривичното дело;
- и за подготвување кривично дело;
- и спрема други категории лица.

Компаративно анализираните законски решенија ја одредуваат и можноста за определување на мерките/дејствијата и во случаите кога не е познат или не се располага со сознанија за идентитетот на извршителот на кривичното дело, па секоја од пропишаните ПИМ во РСМ (чл. 252 ст. 2) може да се определат кон предметот на кривичното дело. Во другите држави е ограничено кои од мерките/дејствијата може да се определат и да бидат насочени кон предметот на кривичното дело. На пример, во Хрватска, тоа е можно само со мерката контролиран превоз и испорака на предмети од кривично дело (член 332 ст. 9, ЗКП на РХ), односно во Црна Гора само мерката тајно следење и видео и аудиоснимање на лица и предмети (член 157 став 1 т. 4 од ЗКП на Црна Гора).

Во Србија, во исклучителни случаи (несразмерни тешкотии и голема опасност), посебните доказни дејствија може да се определат и спрема лице за кое постојат основи за сомневање дека подготвува извршување кривично дело (член 161 ст. 2 од ЗКП на РС). Во нашата држава секоја ПИМ може да се определи и спрема лице што сторило, презема дејствие на извршување кривично дело или подготвува кривично дело, но и спрема лице за кое е распишана меѓународна потерница за кривично дело од групата дела за кои може да се определи ПИМ (чл. 255 од ЗКП РСМ).

Во Црна Гора, спрема лице за кое е распишана меѓународна потерница или против трето лице за кое постои основа за сомневање дека е во директен контакт со лицето за кое е распишана меѓународна потерница може да се определат само следниве мерки на таен надзор и може да бидат определени само мерките од чл. 157 став 1 т. 1-4 и мерките од став 2 т. 5 и 6). Истовремено, во Црна Гора, мерката тајно следење и снимање телефонски разговори и други комуникации на далечина може да се определи и спрема лице за кое постојат основи за сомневање дека пренесува пораки поврзани со кривичното дело до, или од сторителот на кривичното дело (чл. 157 ст. 3). Овој основ во Хрватска (чл. 332 ст. 7) е

проширен и спрема лице чии приклучоци на телефон или други телекомуникациски уреди ги користи сторителот, односно спрема лице што презема некое од следниве дејствија: го сокрива сторителот, прикрива средства со кои е сторено кривичното дело или предмети што произлегле од кривичното дело или на друг начин му помага да не биде откриен.

Во нашата држава, ПИМ може да се определат и за блиски лица и членови на семејствата на извршителите на пропишаните кривични дела за кои може да се определи посебна истражна мерка.

### 2.4. Забрана за поттикнување извршување кривично дело

Сите анализирани законодавства се усогласени во однос на тоа дека со извршувањето на мерките/дејствијата не смее да се поттикнува извршување кривично дело. За сите видови ПИМ во РСМ не смее да се поттикнува извршување кривично дело, односно против лицето што ги презема ПИМ нема да се преземе кривично гонење за дејствија што претставуваат помагање во извршувањето кривично дело, а се сторени заради обезбедување податоци и докази за успешно водење на кривичната постапка. Во ЗКП на РХ чл. 332 став 10 е предвидено дека при користење прикриен истражител, симулирана продажба и откуп на предмети и симулирано примање и давање поткуп не смее да се поттикнува извршување кривично дело, а слично и во ЗКП на Србија во член 176 став 3 и во ЗКП на Црна Гора во член 157 став 5 при извршувањето на мерката симулирани активности купување и продавање предмети или давање деловни услуги и симулирано примање и давање поткуп.

### 2.5. Кривични дела за кои може да се определат мерките

Согласно одредбите од членот 253 од ЗКП на РСМ, мерките може да се определат за три групи кривични дела содржани во Кривичниот законик[24]: i. кривичните дела од областа на организираниот криминал, односно кога постојат основи за сомневање дека се извршени кривични дела за кои е пропишана затворска казна од најмалку 4 години, а се подготвуваат или е во тек извршување кривични дела од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение; ii. 27 таксативно пропишани одделни кривични дела наведени според член и став; iii. кривични дела од определени глави на кривични дела (против државата, против вооружените сили, против човечноста и меѓународното право).

Согласно Казнениот законик на Хрватска,[25] посебни доказни дејствија може да се определат за: i. 22 таксативно наброени кривични дела за облиците на тие дела за кои е пропишана најмала казна затвор во траење од 5 години и потешка, како и за сите кривични дела за кои е пропишана долгогодишна казна затвор; ii. 34 таксативно наведени кривични дела според член и став; iii. таксативно наведени 27 кривични дела ако се сторени со користење компјутерски системи и мрежи.

---

[24] Кривичен законик, „Службен весник на РСМ“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18, 36/23 и 188/23.

[25] Kazneni zakon, NN, br. 125/11, 144/12, 56/15, 61/15, 101/17, 118/18, 126/19, 84/21, 114/22, 114/23 I 36/24.

Согласно одредбите од членот 162 од КЗ на Србија, посебните доказни дејствија може да бидат определени за следните групи кривични дела наведени во Кривичниот законик: i. дела за кои со посебен закон е надлежно да постапува обвинителство со посебни надлежности; ii. таксативно наведени 34 кривични дела; iii. наведено е само едно кривично дело – попречување и спречување на докажувањето ако е извршено во врска со претходно наведените кривични дела. Мерката прикриен истражител може да биде определена само ако станува збор за кривични дела што се во надлежност на посебното обвинителство, мерката надзор и снимање комуникации може да биде определена и за точно определени пет кривични дела: неовластено користење на авторските дела или предмети од сродни права; оштетување компјутерски податоци и програми; компјутерска саботажа; компјутерска измама и неовластен пристап до заштитен компјутер; компјутерска мрежа или електронската обработка на податоци.

Согласно одредбите од членот 158 од ЗКП на Црна Гора, мерките на таен надзор може да бидат определени за: i. кривични дела за кои може да биде определена казна затвор во траење од 10 години или потешка; ii. кривични дела со елементи на организиран криминал; iii. за осум кривични дела за кои е пропишана казна затвор од 8 години или потешка, а се во врска со злоупотреба на службената положба и овластувањата; iv. таксативно наведени 24 кривични дела; v. кривичните дела против безбедноста на компјутерските податоци.

Може да се согледа дека критериумите за кривичните дела за кои може да се определи мерка/дејствие се поврзани со висината на изречената казна затвор, присутноста на елементи на организиран криминал, извршување преку компјутерски системи, како и кривични дела од надлежност на посебни обвинителства.

### 2.6. Наредба за мерка/дејствие и нејзино проширување

Во сите анализирани законодавства посебно е регулирана содржината на наредбата за определување на ПИМ, посебните доказни дејствија или мерките на таен надзор. Освен во Србија, каде што содржината на наредбата е одделно пропишана за секое посебно доказно дејствие, во другите држави содржината на наредбата е унифицирана за сите мерки. Во основата, наредбата ги содржи следниве елементи: законскиот назив на кривичното дело, лицето или предметите врз кои ќе се применат мерките, техничките средства што ќе се применат, обемот и местото на спроведување на мерките, сознанијата и доказите врз основа на кои се засноваат основите на сомневање и образложение на причините поради кои податоците и доказите не може да се соберат на друг начин, органот што ќе ги спроведе наредбата и времетраењето на мерката.[26]

Законското решение во РСМ дополнително определува дека „привремената писмена наредба“ дополнително ги содржи и податоците за времето кога јавен обвинител усно побарал од надлежниот судија издавање привремена наредба. Анонимизацијата ја врши судијата што ја издал наредбата, а начинот на анонимизација и на евидентирање во соодветниот уписник во судот го пропишува министерот за правда.

Согласно ЗКП на РС, содржината на податоците за мерката контролирана испорака не е определена, а во наредбата за мерката прикриен истражител, податоците се

[26] Наведените податоци се идентични со законските решенија во Хрватска (член 335), Србија (член 167, 172, 175, 179 и 184) и Црна Гора (член 159).

однесуваат за лица и групи спрема кои се применува мерката и употребата на техничките средства за снимање или тонско, оптичко или електронско снимање.

Законското решение во Црна Гора дополнително определува дека ако станува збор за определување на мерката прикриен истражител, наредбата треба да содржи и податоци за употребата на лажните лични исправи.

Во сите законски решенија се содржани основи што овозможуваат проширување на наредбата ако во текот на спроведувањето на ПИМ се добијат податоци што упатуваат на друго кривично дело или на друго лице.[27]

## 2.7. Одговорен орган за определување и спроведување

Анализата на законските решенија укажува на фактот дека писмените наредби за дел од мерките на образложен предлог од јавен обвинител ги наредуваат надлежните судови, а за дел од мерките, писмена наредба донесува јавен обвинител.

Во Хрватска, по правило, сите мерки ги наредува истражниот судија, а, по исклучок (чл. 332 ст. 2 и 3), ако постои ризик од одлагање и ако државниот обвинител има причина да верува дека нема да може навреме да ја прибави наредбата од истражниот судија, донесува наредба што не може да трае подолго од 24 часа. Ваквата можност не е дозволена за посебни доказни дејствија за мерката под т. 2 (ако начинот на извршување на тоа дејствие налага влегување во домот или далечинско влегување во компјутерот на осомничениот што се наоѓа во неговиот дом) и мерката под т. 3 (доколку е потребно да се влезе во домот заради вршење надзор и техничко снимање). Кога државниот обвинител ќе донесе наредба, должен е во рок од осум часа од издавањето на наредбата со датумот на издавање и дописот во кои ги објаснува причините за нејзиното издавање да ги достави до истражниот судија. Ако смета дека е потребно да се продолжи со спроведување посебно доказно дејствие, до судијата на истрагата ќе поднесе писмено образложено барање за натамошно спроведување на дејствието.

Во Црна Гора (член 157), сите мерки на таен надзор ги наредува истражниот судија, а кога писмена наредба не може да се издаде навреме или постои опасност од одлагање на преземањето на мерките, спроведувањето може да започне со усна наредба на судијата или јавен обвинител (чл. 159).

Во Србија (членови 166, 171, 174, 178 и 183), пет од мерките ги наредува судот, а една (член 181) Републичкиот јавен обвинител или јавен обвинител со посебна надлежност.

Во РСМ (член 256), мерките од т. 1 до 5 ги наредува судијата на претходна постапка, а за мерките од т. 6 до 12 наредба донесува јавниот обвинител.

Во компаративно анализираните држави, по правило, мерките ги спроведува полицијата, а во нашата држава, мерките ги извршуваат јавен обвинител или правосудната полиција под контрола на јавен обвинител.

Во Хрватска, Оперативно-техничкиот центар за надзор на телекомуникациите, кој врши техничка координација со давателот на телекомуникациски услуги, како и давателите на телекомуникациски услуги, се должни на полицијата да ѝ ја обезбедат потребната техничка помош за спроведување на мерките. Министерот за внатрешни

[27] ЗКП на Хрватска во членот 335 став 6; ЗКП на Србија во членот 164; ЗКП на Црна Гора во членот 159 став 10.

работи, по претходно добиена согласност од министерот за правда, е должен да донесе прописи со кои се уредува начинот на извршување на посебните доказни дејствија.

Во Србија, мерката таен надзор на комуникациите, освен полицијата, ја извршува и Агенцијата за безбедност и информации (БИА) или Агенцијата за воена безбедност (ВБА); компјутерско пребарување податоци, освен полицијата, БИА и ВБА, вршат и царинските, даночните и други служби или правни лица што согласно законот вршат јавни овластувања; контролирана испорака извршува полицијата или друг државен орган определен од јавен обвинител; прикриен истражител под псевдоним или шифра определуваат министерот за внатрешни работи и директорите на БИА и ВБА или лице што тие ќе определат, а извршителот може да биде и странски државјанин.

РСМ е единствена од анализираните држави каде што мерката следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации се спроведува во постапка утврдена со Законот за следење на комуникациите, а не со ЗКП. Проблемите со примената на оваа мерка и злоупотребите беа еклатантни, па за да се избегнат можностите за злоупотреби, се формираше Оперативно-техничката агенција.[28]

Согласно чл. 160 од ЗКП на Црна Гора, мерките ги извршуваат полициски службеници, кои може да бидат и странски државјани.

## 2.8. Времетраење на мерките

Согласно членот 335 став 3 од ЗКП на Република Хрватска, посебните доказни дејствија се определуваат со времетраење од 3 месеци. На предлог на државен обвинител, истражниот судија може да ги продолжи за уште 3 месеци или, вкупно, 6 месеци. За првата група кривични дела за кои може да се определат овие дејствија, времетраењето може да се продолжи уште двапати по шест месеци или, вкупно, 18 месеци. За кривичните дела од втората група, времетраењето до 6 месеци може да се продолжи за уште 6 месеци или, вкупно, 12 месеци. Продолжувањето во секој случај мора да биде во насока на остварување на целта за која е определено посебното доказно дејствие.

Во Србија, времетраењето на посебните доказни дејствија е определено посебно за секоја мерка: таен надзор врз комуникациите; тајно следење и снимање; и симулирани работи, може да траат најдолго 3 месеци, со можност за продолжување за уште 3 месеци, а за кривичните дела од првата група за кои може да се определат посебните доказни дејствија, времетраењето може да се продолжи уште најмногу двапати по 3 месеци или, вкупно, 12 месеци; компјутерското пребарување податоци може да трае најмногу 3 месеци, а со продолжување најдолго 9 месеци; ангажирањето на прикриениот истражител може да биде најдолго една година, а на барање на јавен обвинител, може да се продолжи за уште најдолго 6 месеци или, вкупно, 18 месеци; единствено контролираната испорака нема определено времетраење.

Согласно одредбите од членот 159 став 5 од ЗКП на Црна Гора, мерките од чл. 152 став 1 и 2 точка 3 до 6 може да траат 4 месеци, а за истите лице и дело, мерките може да бидат продолжени најдолго до 18 месеци.

Согласно одредбите од членот 260 став 1 од ЗКП на РСМ, мерките може да траат најдолго 4 месеци. Мерките од т. 1, 2, 3, 4 на членот 252, со одобрение на судијата за

[28] Закон за Оперативно-техничка агенција, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 71/18, 98/19.

претходна постапка, а по барање на јавен обвинител, може да бидат продолжени за уште 4 месеци, а ако за кривичното дело е пропишана казна затвор од најмалку 4 години и со елементи на организиран криминал на барање на јавен обвинител, мерката може да биде продолжена за уште 6 месеци или, вкупно, 14 месеци. Мерките од т. 9, 10, 11 и 12 од членот 252 согласно став 4 од овој член може да продолжат до остварувањето на целта за која е определена, но најдоцна до завршувањето на истрагата.

### 2.9. Известување на засегнатото лице

Законските решенија во нашата држава (членот 262) и во Хрватска (член 335) определуваат дека по прекинот на мерките, ако тоа не ѝ штети на постапката или ако условите овозможуваат и порано по барање на засегнатото лице, јавен обвинител ќе му ја достави писмената наредба. Согласно членот 338 став 4 од ЗКП на Хрватска, на барање на осомничениот, јавен обвинител ќе му овозможи репродукција на снимките или увид во записите или документацијата. По оваа постапка, осомничениот на расправата може да предложи поединечни делови или целиот запис, снимка или документ да се репродуцира или да се прочита. Согласно членот 163 став 2 од ЗКП на Србија, со донесеното решение за ништење на собраниот материјал, судијата може да го извести лицето што било предмет само на мерката – таен надзор на комуникациите и ако со тоа не би била загрозена можноста за водење на кривичната постапка. Законското решение на Црна Гора во членот 162 став 1 определува дека пред уништувањето на материјалот прибран со мерките на таен надзор во случаите кога јавен обвинител донел одлука дека нема да поведе кривична постапка или ако доказите не се потребни за кривичната постапка и ако јавен обвинител донесе наредба за спроведување истрага, но добиените материјали или дел од нив не се потребни за водењето на кривичната постапка, судијата ќе го извести лицето што било предмет на мерките дека има право да изврши увид во прибраниот материјал. Дел од законските решенија, известувањето на лицето што било предмет на мерката го условуваат со ништење на собраниот материјал и видот на мерката или со постоењето опасност по животот и здравјето на луѓето или загрозување некоја истрага.

### 2.10. Чување и ништење на податоците собрани со ПИМ

Согласно ЗКП на Хрватска (член 332 став 5), ако Судскиот совет на ја одобри мерката донесена од јавен обвинител (член 332 став 2), мерката престанува веднаш, а собраниот материјал му се предава на судот за уништување. Во случаите кога јавен обвинител ќе се откаже од кривичниот прогон или ако собраните докази не се потребни за кривичната постапка, собраните податоци и известувања ќе се уништат. Снимките, записите и документацијата собрани со ПИМ се чуваат во јавно обвинителство.

Законското решение во Србија (член 163 ЗКП) определува дека во случаите кога јавен обвинител нема да поведе кривична постапка во рок од 6 месеци или кога ќе изјави дека нема да го користи во постапката, односно нема да поведе кривична постапка против осомничениот, судијата ќе донесе наредба за уништување на собраниот материјал.

ЗКП во нашата држава (чл. 267) определува дека собраните податоци се чуваат од страна на јавен обвинител, а по донесувањето јавнообвинителска одлука, ги доставува до судот. Во случаите кога јавен обвинител ќе донесе одлука со која истрагата се затвора без

можност за нејзино повторно отворање, собраниот материјал го доставува до судот. Во случаите кога јавен обвинител ќе поднесе обвинение, податоците се чуваат во судот. Во случаите во кои е донесена ослободителна или одбивателна пресуда, собраните податоци се чуваат до истекот на рокот за застареност на кривичното гонење. Во случаите кога е донесена осудителна пресуда, собраниот материјал се чува до рокот на застареност на извршување на кривичната санкција. По истекот на сите рокови, податоците се ништат во соодветна постапка.

Во Црна гора (член 160 став 7 и 8 од ЗКП), ако јавен обвинител донесе одлука со која нема да поведе кривична постапка, односно ако собраните податоци и информации не се потребни за кривичната постапка во определена постапка, се уништуваат. Истата постапка ќе биде спроведена и во случај ако јавен обвинител донесе наредба за спроведување истрага, но добиените резултати или дел од нив не се потребни за водење на кривичната постапка или лицето за кое била распишана меѓународна потерница е пронајдено. Рокот на чување и уништување на материјалите добиени со спроведувањето на мерките зависи од одлуката на јавниот обвинител во однос на тоа дали и каква одлука ќе донесе во однос на поведувањето или неповедувањето на кривичната постапка.

## 3. Активности на истражните центри во јавното обвинителство

Развојот на концептот на истражните центри еволуира со развојот на кривичното процесно законодавство и напуштањето на концептот на истражен судија како орган што беше надлежен за обезбедување на доказите и префрлање на таа надлежност на јавните обвинители.[29] Имајќи предвид дека ЈОРСМ претставува самостоен и независен орган што е надлежен да ги гони сторителите на кривични дела, преку истражните центри се овозможува одредени предмети од формирањето до процесирањето пред надлежен суд да бидат самостојно работени во рамките на истражните центри во јавното обвинителство.

И покрај тоа што ЗКП започна со примена во декември 2013 година, истражните центри како нужна поддршка во постапувањето на јавното обвинителство за првпат беа формирани во 2018 година со одлука на јавниот обвинител на РСМ, и тоа во четири јавни обвинителства: Основните јавни обвинителства во Скопје, Куманово и во Тетово и Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција.

Статистичките податоци добиени од ЈО Скопје покажуваат дека во 2021 година, истражителите постапувале по 99, во 2022 година по 150, а во 2023 година по 287 предмети за кои презеле 616 оперативни истражни мерки. Активностите биле насочени кон поднесување барања за прибирање податоци и документи од државни органи и институции, банки, телекомуникациски оператори и други правни лица, утврдување адреси, лоцирање лица и предмети, претреси на дом и други простории, самостојно спроведување посебни истражни мерки, анализа на повеќе форензички извештаи во врска со компјутерска опрема и мобилни телефонски уреди и други истражни дејствија.

Притоа, мора да се напомене дека целта на воспоставувањето на истражните центри не е дуализам во постапувањето или формирањето паралелни институции, туку поголема ефективност на јавното обвинителство и помал ризик од осуетување на планираните истражни дејствија и мерки.

[29] Подетално: Коментар на ЗКП, оп. цит., Скопје, 2018.

Поаѓајќи од новата улога што ја доби јавниот обвинител да раководи со предистражната и истражната постапка и да ги прибавува доказите што подоцна во текот на главната расправа се изведуваат пред судот, преку воспоставување на истражните центри, јавното обвинителство добива алатка под своја контрола и самостојност да ги презема сите дејствија во постапката. Некои истражни центри веќе имаат искуство со спроведувањето на ПИМ, но тоа сè уште е недоволно во однос на потребите на истрагите.

Досегашната практика во истражните центри при самостојното спроведување на ПИМ покажува дека успешното спроведување на ПИМ е условено со соодветно техничко, кадровско и материјално-организациско и персонално доопремување. Согласно законското решение во членот 258 од ЗКП дека мерките од членот 252 ги спроведува јавниот обвинител или правосудната полиција под контрола на јавниот обвинител, постои законски основ за учество на претставниците на правосудната полиција во истражните центри да спроведуваат ПИМ.

За својата работа во текот на извршувањето на мерката, правосудната полиција изготвува извештај што го доставува до јавниот обвинител во секој случај на секои 30 дена, а и по барање на јавниот обвинител. По спроведувањето на мерките, правосудната полиција изготвува конечен извештај што го доставува до јавниот обвинител.

## 4. Предложени измени во ЗКП на РСМ

Со измените на ЗКП се предвидени определени прецизирања на одредбите што се резултат на практичните искуства во примената на ЗКП во изминатата декада. Во оваа смисла, особено се нагласува дека ПИМ треба да се применуваат исклучиво кога не може да се прибават докази со други доказни средства. Се предлага напуштање на две мерки: автоматско или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци и увид во остварени телефонски комуникации.

Истовремено се предлага можност мерката да се однесува на предмети и во случај кога е познат идентитетот на лицето.

Се нагласува дека мерките во надлежност на јавниот обвинител може да се наредат по сопствена иницијатива на обвинителот или по предлог од правосудната полиција, но ако судот ги определува мерките и не одобри определување на предложената мерка од јавниот обвинител, за таквото решение да не биде дозволена посебна жалба.

Наредбата за ПИМ може да биде и во форма на електронски документ што треба да биде составен согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Времетраењето на ПИМ само по исклучок и само за кривичните дела Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации; Тероризам, Финансирање тероризам; Терористичко здружување; Меѓународен тероризам; Овозможување извршување на делата од членот 152 до 155 од Кривичниот законик; Дела поврзани со терористички активности, може да се продолжи уште за најмногу 12 месеци.

Особено е важно што се предлага јавниот обвинител точно да го назначи времетраењето на делот од техничкиот запис што е релевантен за кривичната постапка, со цел поголема ефективност и пократко времетраење на главната расправа кога се презентираат ПИМ.

## 5. Заклучоци и предлози

Криминалот, особено организираниот криминал е во постојан пораст, ја менува феноменологијата и начините на сторување на кривичните дела, а тоа само дополнително го усложнува и понекогаш го оневозможува или значително го отежнува нивното откривање, документирање и успешно судско процесирање. Легислативните решенија во однос на ПИМ постојано се унапредуваат со цел да одговорат на новите предизвици, на дигиталните облици на сторување на делата, на вештините со кои располагаат искусните сторители на кривични дела.

Анализата покажа дека мерките што се користат во сферата на прибавување докази кога за тоа постојат оправдани причини имаат различни називи: посебни истражни мерки; посебни доказни дејствија; мерки на таен надзор. Без оглед на прифатениот назив, законодавецот е сосема свесен дека со нив се задира во уставно загарантираните права и во сите анализирани држави постојат детални и сеопфатни одредби со кои се пропишуваат сите релевантни аспекти поврзани со овие мерки/дејствија.

Истовремено, од наведеното произлегува дека ПИМ се користат за обезбедување и прибирање податоци и докази на законски начин за успешно водење на кривичната постапка, а кои не е можно да се соберат на друг начин, кога за нивното прибавување би постоеле несразмерни тешкотии или голема опасност. При остварувањето на целта во некои држави, предвид се земаат и последиците што може да ги предизвикаат мерките во однос на ризикот или загрозувањето на животот на луѓето, односно заштитата на правата на приватната сопственост.

Одредбите на законските решенија определуваат дека единствен услов за наредување и определување на мерките/дејствијата е постоењето основ на сомневање, при што само во дел од државите (Србија и Црна Гора) тие може да се определат и кога лицето во моментот на определување на мерката/дејствието врши или подготвува извршување кривично дело, а со тоа мерките добиваат превентивен карактер. Најдолга листа на ПИМ има во нашата држава, потоа во Хрватска, а најмалку има во Србија. Во Црна Гора има вкупно 10 мерки поделени во две категории мерки на таен надзор што се определуваат во зависност од околностите.

Во основата, мерките/дејствијата ги определува судот, а по исклучок и јавниот обвинител, при што тие во различни држави имаат различно времетраење. Единствено во нашата држава се изготвува посебен извештај штом заврши примената на мерката.

Резултатите од анализата на содржините на одредбите на законските решенија укажуваат на некои разлики што предизвикаат интерес и поттикнуваат дискусија во насока на изнаоѓање најдобри решенија и предлагање соодветни измени и дополнувања во националните законодавства.

Имајќи ги предвид местото, улогата и постојаното зголемување на предметите по кои постапуваат јавните обвинителства во преткривичната постапка и истражните центри во нив, а во функција на зголемување на ефективноста и ефикасноста на истражните центри во јавните обвинителства, неопходно е итно целосно компјутерско поврзување со базите на податоци на МВР, Царинската управа, Управата за јавни приходи, како и соодветно кадровско, просторно, техничко, финансиско и материјално зајакнување.

Останува дилемата во однос на тоа дали МВР има надлежност да биде носител на Законот за следење на комуникациите во контекст на постоење на ОТА и целосно изменетиот начин на определување и спроведување на ПИМ.

**Користени извори:**


В. Камбовски: Организиран криминалитет, Скопје, 2005.

М. Шкулиќ, Организовани криминалитет, „Службени гласник“, Београд, 2015.

XVI International Congress of Penal Law, Budapest, 5 – 11, September, 1999, Section III, стр. 10.

Convention against Transnational Organized Crime, United Nations, 15.11.2000

Directive 2009/136/EC of the European Parliament and of the Council, 25 November 2009 amending Directive 2002/22/EC on universal service and users' rights relating to electronic communications networks and services, Directive 2002/58/EC concerning the processing of personal data and the protection of privacy in the electronic communications sector and Regulation (EC) No 2006/2004 on cooperation between national authorities responsible for the enforcement of consumer protection laws.

Council of Europe Convention on the Prevention of Terrorism (CETS No. 196) and its Additional Protocol (CETS No. 217).

Recommendation CM/Rec(2017)6 of the Committee of Ministers to member States on "special investigation techniques" in relation to serious crimes including acts of terrorism.

M. Grubać, Nove ustanove i nova rešenja Zakona o krivičnom postupku Srbije od 26. Septembra 2011 godine, Pravni Zapisi, Pravni fakultet Univerziteta Union, God. II, br. 2 (2011), str. 467–514.

М. Шкулић, Коментар Законика о кривичном поступку, „Службени гласник“, Београд, 2007.

Н. Матовски, Новелата на Законот за кривичната постапка на Република Македонија од 2004 година, Скопје, 2005.

V. Đurđić, Krivični postupak Srbije, Centar za publikacije, Niš, 2006.

Ј. Јовчевски: Специјалните истражни мерки во кривичното законодавство на Република Македонија, докторска дисертација одбранета на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 25.11.2009 г.

Ј. Јовчевски, Г. Калајџиев: Специјалните истражни мерки во кривичното законодавство на Република Македонија, МРКПК, бр. 2/2009, стр. 313–332.

Н. Матовски, Г. Лажетиќ-Бужаровска, Г. Калајџиев, Казнено процесно право, Второ изменето и дополнето издание, Академик, Скопје, 2011, стр. 265.

D. Krapac, Kazneno procesno pravo – prva knjiga: Institucije, IV iznenjeno i dopunkeno izdanje, NN, Zagreb, 2010, str. 317-332.

S. Gluščić, Posebne dokazne radnje, Policija i sigurnost, Vol. 21 broj 3, Zagreb, 2012, str. 555-573.

Г. Лажетиќ и др., Казнено процесно право, Скопје, 2015.

Коментар на ЗКП, група автори, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, 2018.

D. Radulović, Krivično procesno pravo, Drugo izmenjeno i dopunjeno izdanjem Pravni fakultet Podgorica, Podgorica, 2009, str. 215.
Zakon o kaznenom postupku, Narodne Novine, br. 110/1997.
Zakonik o krivičnom postupku, "Sl. list SRJ", br. 70/2001 i 68/2002.
Zakonik o krivičnom postupku, „Službeni glasnik RS“, br. 72/11.
ЗИД на ЗКП, „Сл. весник на РМ“ бр. 74/2004.
Закон за кривичната постапка, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/97, 44/02, 74/04, 83/08, 67/09 и 51/11.
Закон за следење на комуникациите, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 71/18 108/19 и 154/23.
Zakon o krivičnom postupku, "Službeni list Crne Gore", br. 057/09 od 18.08.2009.
Zakon o kaznenom postupku, NN, br. 152/08, 76/09, 80/11, 121/11, 91/12, 143/12, 56/13, 145/13, 152/14, 70/17, 126/19, 126/19, 130/20, 80/22, 36/24.
Zakonik o krivičnom postupku, Sl. glasnik RS, br. 72/2011, 101/2011, 121/2012, 32/2013, 45/2013, 55/2014, 35/2019, 27/2021 - odluka US i 62/2021 - odluka US.
Zakonik o krivičnom postupku, Sl.list CG, br. 57/2009, 49/2010, 47/2014 - odluka US, 2/2015 - odluka US, 35/2015, 58/2015 - dr. zakon, 28/2018 - odluka US i 116/2020 - odluka US.
Закон за кривичната постапка, „Службен Весник на РСМ“ бр. 150/2010.
Кривичен законик, „Службен весник на РСМ“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18, 36/23 и 188/23.
Kazneni zakon, NN, br. 125/11, 144/12, 56/15, 61/15, 101/17, 118/18, 126/19, 84/21, 114/22, 114/23 I 36/24.
Закон за Оперативно-техничка агенција, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 71/18, 98/19.

**Dr. Sasho M. Stojanovski**[30]
**Prof. Dr. Gordana Lažetić**[31]

## COMPARATIVE ANALYSIS OF SPECIAL INVESTIGATIVE MEASURES IN THE LIGHT OF THE AMENDMENTS TO THE CRIMINAL PROCEDURE LAW OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Apstract**

There is no doubt that the introduction of special investigative measures represents a kind of response to the legislation in terms of modernization of the tools for detecting and documenting organized criminal ofences. Considering that these measures seriously infringe the constitutionally guaranteed rights of citizens, and with the aim of reviewing domestic Macedonian legislation, the paper contains a brief comparative analysis of the legal solutions in the region. The paper starts from the initial introduction of special investigative measures in the criminal procedure legislation in the region, and then presents the similarities and differences in terms of the types of measures, the criminal offenses for which these measures can be used, their duration, the competent authority for determining the measures, notification of the person concerned and the storage and destruction of data collected with these measures. The paper also shares the modest experience of an investigative center that implemented a special investigative measure in our country.

**Keywords:** special investigative measures, organized crime, investigative center, Criminal Procedure Law

[30] Chief Inspector Investigator at the Investigation Centre of the Basic Public Prosecutor's Office Skopje, smstojanovski@gmail.com.
[31] Professor, Faculty of Law "Justinianus Primus" - Skopje, University "Ss. Cyril and Methodius" - Skopje, gordana2206@gmail.com.